Здружение за дислексија

игра E=mc² dyslexia

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ДИСЛЕКСИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2015

СОДРЖИНА

ВОВЕД 3
СТРУКТУРА 4
ЈАНУАРИ 5
ФЕВРУАРИ 6
МАРТ-АПРИЛ 7
АПРИЛ 8
АПРИЛ 9
МАЈ 10
МАЈ 11
ЈУНИ 12
ЈУНИ 13
ЈУЛИ-АВГУСТ 14
СЕПТЕМВРИ 15
ОКТОМВРИ 16
ОКТОМВРИ 17
ОКТОМВРИ 18
НОЕМВРИ 19
НОЕМВРИ 20
ДЕКЕМВРИ 21
ДЕКЕМВРИ 22
РЕЗИМЕ 23

За Нас

Здружението за дислексија Ајнштајн *е непрофитна организација формирана во Декември 2013 година од родители на деца со дислексија и лица со дислексија.*

Идејата за формирање на здружението произлезе пред се од недостигот на информации за дислексијата. Барајќи решение и помош за тешкотиите со читање кај своите деца родителите се соочија со , неинформираност на институциите и недоволна стручност кај просветните работници.

Ние постоиме со цел да помогнеме на илјадници лица кои се соочуваат со проблемот дислексија и истата да ја актуелизираме во нашата држава.

Нашата Мисија е:

Ајнштајн е Здружение на граѓани чија што цел е подигнување на јавната свест за дислексијата кај образовните институции, родителите , релевантните институции како и кај пошироката јавност. **Ајнштајн** ги остварува своите цели преку информирање, едукација, дискусија, соработка и поддршка за сите оние кои се засегнати од оваа проблематика.

Нашата визија е :

Подобрување и олеснување на процесот на образование на учениците со дислексија како и потпомагање во воведување на соодветен и подобрен образовен систем . Здружението се залага за зголемување на бројот на своите членови за добивање подобри и поквалитетни човечки ресурси кои понатаму ќе можат да се надградуваат се со цел стекнување на поширок соодветно експертен кадар за обработка на состојбата наречена дислексија. Нашата визија неизбежно опфаќа создавање на општество кое ќе има капацитет да ги исполни сите барања и потреби на лицата со дислексија и да се приклучи на земјите кои веќе 50 години активно развиваат техники и методи за работа за овие лица настојувајќи истите да го пронајдат и истакнат својот талент.

Организациска структура на здружението

Основачи на здружението

Славица Тасевска Николовска

Орхидеја Шурбановска

Павлина Димоска

Лидија Кировска

Билјана Младеновиќ

Собрание

Го сочинуваат сите регистрирани активни и неактивни членови

Претседател

Дамјан Николовски

Управен Одбор

Дамјан Николовски – Претседател

Фани Кузмановска – Член

Марија Анчевска – Член

Надзорен Одбор

Цветанка Кузмановска – Претседател

Сливана Вучевска – Член

Бодин Попов – Член

Дарја Николовска – Член

Јануари

Првиот месец од годината **здружението за дислексија АЈНШТАЈН** го започна со ново раководство. На волонтерска основа Дамјан Николовски, Марија Анчевска и Стефаниа Стафила започнаа со активно промовирање на дислексијата во Република Македонија како состојба која е застапена кај околу **10 до 15 %** од вкупното население.

Беше организиран и вториот отворен ден на кој што присуствуваат родители, наставници, дефектолози, логопеди, педагози, психолози како и други заинтересирани граѓани. Главна цел ваквите средби е споделувања на искуства и информации поврзани со дислексијата.

Во истиот месец здружението ја воведе и услугата бесплатни консултации за конституентите со стручно лице за дислексија.

Тимот На Здружение За Дислексија АЈНШТАЈН

Стефаниа Стафила

Дамјан Николовски

Марија Анчевска

Февруари

Во месец Февруари Здружението за дислексија го продолжи истражувањето кое беше започнато кон крајот на 2014 година за информираноста на наставниот кадар со појавата дислексија. Беа спроведени две волонтерски истражувања на општинско ниво односно во **Општина Кисела Вода** и **Општина Центар.**

Обработено е истражувањето од **Општина Аеродром** кое беше спроведено во изминатата 2014 година за информираноста на наставниот кадар за состојбата дислексија и за тоа колку ученици во просек се соочуваат со потешкотии во учењето.



Март

Кон нашиот тим се приклучи и креативниот директор **Димитар Кузмановски**.

Се обработија истражувањата кои што беа спроведени во **Општина Кисела** вода и **Општина Центар** исто така за информираноста на наставниот кадар за состојбата дислексија. Од резултатите кои произлегоа можеме да заклучиме дека наставниот кадар е многу малку информиран за оваа состојба и дека бројот на ученици кои имаат вакви и слични потешкотии се движи во просек од 2 до 3 деца во едно одделение што ја потврдува и бројката за застапеноста на истата во нашата Република односно 10 до 15 %.

Април

Членовите на **Здружението за дислексија АЈНШТАЈН** активно ја започнаа подготовката за првиот информативен семинар од низата семинари посветени на дислексијата "Дислексија, пристап, форми и методи"

Се оствари соработка со **Филозофскиот факултет** поточно **Институтот за Дефектологија** и **Институтот за Психологија** со цел заедничко делување на полето на дислексијата во Република Македонија.

Започна кампањата “ЈАС ИМАМ ДИСЛЕКСИЈА НИШТО СТРАШНО” преку која што **10.000 граѓани** се информираа за појавата дислексија.

Во текот на овој месец беа дизајнирани и првите флаери, брошури и слики наменети за подигнување на јавната свест за дислексијата во Република Македонија.



Мај

Потпишани се меморандуми за соработка со **С.У.Г.С Здравко Цветковски и С.У.Г.С Лазар Танев.**

Здружението за дислексија АЈНШТАЈН го доби и првиот проект кофинансиран од **Град Скопје** кој опфаќа истражување во две средни училишта С.У.Г.С Здравко Цветковски и С.У.Г.С Лазар Танев за тоа колку дислексијата е застапена помеѓу средношколците од 1-ва и 2-ра година .

На 9-ти Мај 2015 година за прв пат во Република Македонија беше организиран семинар посветен на дислексијата организиран од **Здружението за дислексија Ајнштајн** со поддршка од **Универзитет Американ Колеџ Скопје** .

Говорници на семинарот беа:

Проф. Др. Орхидеја Шурбановска – Институт за Психологија при Филозофски Факултет Скопје

Доц. Др. Александра Каровска- Институт за дефектологија при Филозофски Факултет Скопје

Славица Тасевска Николовска- Обучен тренер и стручно лице за дислексија

Гордана Андоновска - Обучен тренер и стручно лице за дислексија

Катина Иванова – Актер дислексичар

На семинарот се зборуваше за дислексијата како појава, нејзината историја, социо-емоционалниот развој на децата со дислексија, AFS Метод за работа со лица кои имаат дислекисја, дислексијата низ призмата на Рон Дејвис основач на Davis Dyslexia association International творецот на DAVIS програмата за корекција на дислексијата.

Актерката Катина Иванова отворено зборуваше како во животот се соочувала со дислексијата со што како држава фативме чекор со современите земји каде што сите отворено зборуваат за дислексијата

Јуни

На 02.06.2015 година **Здружението за дислексија АЈНШТАЈН** потпиша меморандум за разбирање и соработка со **Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хедикеп, ретки болести и посебни потреби ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА, Скопје**

Од големо значење е потшишувањето на меморандумот за разбирање и размена на искуства со **Прво Српско Здружение за Дислексија** со што се започна процес на мегународна размена на искуства и знаења на полето на дислекисјата.

На 04 јуни 2015 година беше потпишан меморандумот за разбирање и соработка помеѓу **Здружението за дислексија АЈНШТАЈН и Универзитет Американ Колеџ Скопје** како разултат на неизмерната поддршка добиена од Универзитетот во остварувањето на нашите цели и актуелизирањето на дислексијата во Република Македонија

Како месец во кој што завршуваат училишните активности Здружението организираше повеќе од **40** бесплатни консултации со родители на деца со дислексија.

За одбележување на крајот на учебната **2014/2015** година се организираше и третиот отворен ден за разменување на искуства и знаења помеѓу родителите, наставниците и стручните лица за дислексија.

Јули

Здружението додаде во своето портфолио уште еден проект овој пат финансиран и поддржан од **ФООМ и УСАИД** насловен **“Фокус на дислексија”** кој е во времетраење од 1 година и се уште е во тек. Проектот опфаќа истражување за информираноста на наставниците во 3 општини во Република Македонија, предавање од страна на странски експерт за дислексија и пренесување на искуства како дислексијата се третира во Република Ирска наменето за претставниците на релевантните образовни институции како и едукативни работилници за шестотини одделенски наставници за тоа како да ја препознаат дислексијата кај своите ученици.

Започнати се првите активности од проектот **“ЗНАЕТЕ ЛИ ШТО Е ДИСЛЕКСИЈА”**

Август

Започнати се првите средби со партнерските организации **“Дајте ни крилја”** и “**Здружение на граѓани за обука, образование и преквалификација на човечки ресурси АКАДЕМСКА РЕГИОНАЛНА АСОЦИЈАЦИЈА”** од проектот **Фокус на дислексија.**

Септември

Започна реализацијата на проектот **Фокус на дислексија** , остварени се првите контакти со сите основни училишта од **Општините Центар , Чаир и Струмица** . Испратени се дописи до сите релевантни образовни институции за започнувањето на проектот и детално објаснување на самиот проект и сите активности кои се дел од проектот.

Активно беа започнато подготовките за вториот семинар “Дислексија, пристап форми и методи”

Кон тимот на здружението се приклучија и волонтерите **Блашка Павловска** и **Нина Николовска** кои се одговорни за целата надворешна соработка на Здружението Ајнштајн со други граѓански организации.

Октомври

Обработено е истражувањето од проектот **ЗНАТЕ ЛИ ШТО Е ДИСЛЕКСИЈА? СЕКАКО**
Од истражувањето произлегоа следните резултати:

Заклучоци од истражувањето:

- **Со оглед на фактот дека во Република Македонија досега воопшто не се направени истражувања во однос на застапеноста на дислексијата кај учениците, овие спроведени анкети можат да послужат како показател дека дислексијата е присутна кај учениците во средните училишта можеби и повеќе отколку што покажуваат истражувањата во соседните земји.**
- **Со ова истражување се потврдува претпоставката дека е можно дислексијата во нашите училишта да е застапена кај повеќе од *10 %* од учениците Македонци и над *20 %* кај учениците Албанци**
- **Евидентна е разликата меѓу учениците Македонци и учениците Албанци. Македонскиот јазик е потранспарентен јазик од албанскиот, па од таму произлегуваат и разликите во можната застапеност на дислексијата.**
- **Дислексијата е вродена состојба која не може да се надмине со вообичаените училишни методи на подучување што значи дека кај средношколците кои во ова истражување покажуваат знаци на дислексија, дислексијата била присутна и во основното образование.**
- **Овие истражувања покажуваат дека е неопходна поголема посветеност на дислексијата како присутна состојба кај населението.**
- **Институциите во државата кои се релевантни за креирање на образовниот систем, потребно е сериозно да се заложат за рано детектирање на дислексијата преку обука на кадрите од училиштата, пред се училишните психолози и педагози.**

Октомври е месецот за подигнување на јавната свест за дислексијата во светски рамки. Република Македонија за прв пат се приклучи во одбележувањето на ***"Месецот на дислексијата"*** и тоа со две активности:

1. Информативни семинари "Дислексија, пристап форми и методи"

Во текот на овој месец се организираа два информативни семинари "Дислексија, пристап форми и методи" со поддршка на Универзитет американ Колеџ Скопје

Како предавачи на истите свое учество земаа:

1. ***Проф. Д-р Орхидеја Шурбановска*** – Институт за психологија
   - Бихејвиорални и емоционални проблеми на децата/адолесцентите со дислексија
   - Емоционален развој на децата со дислексија
   - Поддршка од родителите и наставниците на децата со дислексија
2. ***Доц. Д-р Александра Каровска*** – Институт за дефектологија
   - Невролошки аспекти на дислексијата
   - Теории за настанување на дислексијата
3. ***Доц. Д-р Љубица Кардалеска*** – Фон Универзитет
   - Дислексија - дилеми и сознанија
4. ***Г-ѓа Славица Тасевска Николовска***- обучен тренер "Davis method"
   - Споделување искуство како родител на дете со дислексија, Презентација на Davis метод при работа со лица со дислексија
5. ***Г-ѓа Катина Иванова*** – актер дислексичар
   - Споделување на лично искуство при справување со дислексија
6. ***Г-дин Бодин Попов*** – музичар дислексичар
   - Споделување на лично искуство при справување со дислексија
7. ***Г-ѓа Елена Јакомовска-Павлеска*** – дислексичар
   - Споделување на лично искуство при справување со дислексија

2.Кампања за подигнување на јавната свест за дислексијата во Република Македонија

Активно започна кампањата “ЈАС ЗНАМ ШТО Е ДИСЛЕКСИЈА” чија што главна цел е информирање на населението затоа што всушност е дислексијата, кон самата иницијатива се приклучија голем број на познати личности од нашата држава.

Дел од учесниците во кампањата “ЈАС ЗНАМ ШТО Е ДИСЛЕКСИЈА”

1. Македонската пливачка легенда Наташа Мешковска
2. Познатата пејачка Сара Мејс
3.ТВ и Радио Водителот Димитар Атанасовски
4. Македонската кандидатка на Х-фактор Албанија Канита Сума
6.Make-up артистот Бобан Тодоровски
7.Модната креаторка Ирина Тошева
8.Пејачката Симона Поповска
9.Актерот Славиша Каевски
10.Новинарот и спикер Драги Павлевски
11.Пејачката Лаура Крлиу
12. Кајакарот и победникот на шоуто Танц со Ѕвездите Атанас Николовски

Ноември

Тимот на **Здружението АЈНШТАЈН** е повторно освежен со приклучување на новиот графички дизајнер **Мартин Трајановски**, правниот застапник **Фани Кузмановска**, психологот **Драгана Цветковска** и волонтерите **Дарја Николовска, Назлие Исени, Сибел Имери и Ана Бојчевска.**

Завршната Активност од проектот **ЗНАЕТЕ ЛИ ШТО Е ДИСЛЕКСИЈА? СЕКАКО** го означи и успешниот крај на самиот проект . Проектот заврши со презентација пред средношколците со која што се запознаа со дислексијата како појава, нејзините симптоми како и со тоа како да ја препознаат истата кај своите соученици. Самата презентација беше изведена од страна на Сибел Имери за учениците Албанци и Марија Анчевска и Дамјан Николовски за учениците Македонци. Свое присуство на презентацијата земаа и претставниците од Секторот за образование при Град Скопје Маја Атанасијевиќ и Ивана Атанасовска.

Се одржа и последниот информативен семинар за оваа година на кој што свое учество земаа **90** учесници претежно наставници. На наше големо задоволство **40** учесници од присутните дојдоа од основно училиште Карпош од општина Куманово со што и докажаа дека се спремни да помогнат во придвижувањето на процесите кои во развиените земји се отпочинати многу одамна.

Здружението за дислексија АЈНШТАЈН за прв пат се претстави на **НВО саемот за волонтерство и активно граѓанство на Град Скопје**, каде што свое учество имаа голем број на невладини организации. Со самото учество на саемот АЈНШТАЈН се стекна со **40** нови членови кои присуствуваа на истиот .

Декември

По повод последниот месец од годината **Здружението за дислексија АЈНШТАЈН** спроведе активност повторно за информирање на јавноста за појавата дислексија. Нашите волонтери ја споделуваа информацијата за дислексијата преку анонимна анкета за тоа колку населението е запознаено со дислексијата. На учесниците во испитувањето кои знаат што е дислексија им беа доделени новогодишни бомбончиња а на останатите кои не се информирани за оваа појава им беа доделени едукативни флаери.





На почетокот на Декември започна изготвувањето на стратешкото планирање за **Здружението за дислексија АЈНШТАЈН** за наредните 3 години кое што ќе продолжи и во 2016 година. Тимот кои работи на развивањето на стратешкото планирање за периодот **2016-2019** година е составен од ***Дамјан Николовски*** – Претседател , ***Марија Анчевска*** – Проект координатор, ***Фани Кузмановска*** – Претседател на управен одбор, ***Мартин Трајановски***- графички дизајнер, ***Драгана Цветковска***- психолог, ***Дарја Николовска*** – волонтер како внатрешни членови и ***Славица Тасевска Николовска*** , ***Фросина Ѓорчева, Цветанка Кузмановска, Александар Гиовски*** како надворешни членови.

За прв пат на нашите простори беше дизајнирана видео игра наменета за деца кои имаат потешкотии во читањето. Видео играта е дизајнирана од студентката ***Александра Јовевска*** студент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство , стручниот дел на играта е направен во соработка со **Здружението АЈНШТАЈН** и стручното лице за дислексија ***Славица Тасевска Николовска***.

Изготвено е и последното издание на **Е-билтенот** за 2015 година кое е посветено на дискалкулијата како една од формите на дислексијата.

Резиме

- 2015 година Здружението за дислексија АЈНШТАЈН ја заврши со голем успех, благодарение на активноста на здружението **50.000** граѓани се запознаа со дислексијата и нејзините форми.
- Одржани се повеќе од **100** консултации со родители на деца со дислексија.
- **400** наставници можат да ја препознаат дислексијата кај своите ученици по присуството на 4-те семинари кои ги организиравме .
- Јавните личности во Република Македонија се информираа за дислексијата и ја проширија информацијата дека дислексијата не е болат туку дека претставува дарба.
- Во измината година за прв пат во Република Македонија се направени истражувања за дислексија .
- Јавната свест за дислексијата е на значително повисоко ниво од изминатите години.
- Медиумската активност за 2015 година на Здружението АЈНШТАЈН е мошне голема , наши медиумски поддржувачи беа : **Телевизија Телма, Телевизија Сител, Телевизија 24 вести, Македонска радио телевизија, Наша Тв, Радио метрополис, Стрит ФМ, Радио Моф, Дневен весник Дневник, Теа Модерна, Нова ТВ, Република ....**
- Членството на Здружението за дислексија АЈНШТАЈН изнесува **200 членови**